**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК СКОПЈЕ**

# УСЛОВИ
# За осигурување на ризикот откуп /прием на странски фалсификувани средства за плаќање при вршење на менувачки работи или услуги брз трансфер на пари

**-Пречистен текст-**

**Скопје, Август 2004 година**

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 1**

Предмет на осигурување според овие Услови е ризикот откуп/прием на фалсификувани странски средства за плаќање при вршење на менувачки работи или услуги брз трансфер на пари согласно Одлуката за Условите и начинот на добивање на дозвола и вршење на менувачки работи донесена од Советот на Народна банка на Р. Македонија, а објавена во Сл. весник на Р.М. бр. 53/02 И Закона за вршење услуги брз трансфер на пари објавен во Службен весник на РМ бр.77/03, и надоместок на штети при настанување на овој ризик.

Под странски средства за плаќање, во смисла на овие Услови се сметаат ефективни странски пари, патнички и банкарски чекови и кредитни писма кои осигуреникот има право да ги откупи.

Со осигурувањето, од став 1 од овој член, се опфатени и менувачки работи во меѓународни возови, фри-шопови, туристички агенции и други организации кои вршат откуп на странски средства за плаќање, ако за истите постои посебно одобрување.

**ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ**

**Член 2**

Осигурувачот го покрива осигуреникот, до висина на утврдениот фалсификат на странското средство за плаќање во текот на периодот на осигурување.

За остварување на правото од претходниот став, осигуреникот е должен на осигурувачот, до 10 ™ во секој месец за изминатиот месец, да му достави писмен извештај по видови на ефективни странски пари за реализираното купување/примање на странските средства за плаќање/трансфер на пари, односно за претходното тромесечје (во зависност како е договорено во полисата).

**ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

**ЧЛЕН 3**

Премијата за осигурување се пресметува според Тарифата на премии на осигурувачот и се искажува во полисата за осигурување.

Премијата се плаќа на начин и во рокови утврдени во полисата. Доколку пресметаната годишна премија е под 300 УСД во денарска противвредност, осигуреникот е должен на име минимална премија, да ја плати разликата до 300 УСД во денарска противвредност пресметана по курсот на Народна банка на Р. Македонија на денот на фактурирањето.

**ПРАВО НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА**

**Член 4**

Осигуреникот има право на надомест на штета доколку при откупот**/приемот** на фалсификувани странски средства за плаќање се придржувал кон условите предвидени во Одлуката за условите и начинот на добивање на дозвола и вршење на менувачки работи, Упатствата на гувернерот на Народната банка, упатствата на Евро чекови и интерните упатства и законските прописи .

Осигуреникот е должен при купување на странски средства за плаќање да му издаде на продавачот за извршеното купување, образец утврден од Народна банка на Република Македонија или потврда согласно стандардите на глобалниот систем за електронски трансфер на пари.

**ДОСТАВУВАЊЕ НА ОШТЕТНО БАРАЊЕ**

**Член 5**

Во случај на штета која резултира од откупено/примено странско средство за плаќање, осигуреникот доставува барање за оштета кон кое ги приложува следните докази:

а) потврда или записник за утврден фалсификат издадени од страна на овластена банка на Република Македонија или кореспондентска странска банка и копија од пријавата и извештајот од Министерството за внатрешни работи за утврдениот фалсификат;

б) Фотокопија од фалсификуваното странско средство за плаќање.

**ИСПЛАТА НА ШТЕТА**

**Член 6**

Осигурувачот е должен да му ја надомести штетата на осигуреникот во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на комплетираното оштетно барање. Во спротивно плаќа законска затезна камата за задоцнувањето.

**Член 7**

Осигурувачот се обврзува да го награди работникот на осигуреникот што ја вршел менувачката работа со парична награда од 10% од денарската противвредност за неисплатениот фалсификат, ако менувачот фалсификатот го открил пред да изврши откуп на странските средства и за истото состави официјален записник и го приложи во фотокопија за запленетите валути или чекови. Овој член не се однесува на прием на фалсификувани странски средства за плаќање за вршење улсуги за брз трансфер на пари.

**РЕГРЕСНО ПРАВО**
**Член 9**

Со исплатата на штетата, осигуреникот му ги пренесува на осигурувачот сите права спрема лицата одговорни за причинувањето на штетата. Особено спрема лицето од кое се откупени/примени фалсификуваните странски средства за плаќање, ако тоа е познато.

**ТРАЕЊЕ И ОТКАЗ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 10**

Осигурувањето се склучува на одредено или неодредено време.
Ако полисата е склучена на неодредено време, секоја договорена странка може да ја раскине полисата со отказен рок од 30 дена, сметано од денот на доставувањето на писмениот отказ, препорачано на поштата, или директно на другата страна со потврдување на прием од истата.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**
**Член 11**

Во случај на спор помеѓу осигуреникот и осигурувачот, надлежен е Основниот суд Скопје 1, Скопје.

**Член 12**

Условите се составен дел на полисата и се отпечтени на задната страна на полисата.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**
**Член 13**

Ако некои работи не се регулирани со овие Услови, ќе се применуваат соодветните законски прописи.

Член 14

Овие Услови важат од 21.05.2003 година кога и се донесени на Петата редовна седница на Одборот на Директори на Друштвото.

Овие Услови се донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје на 5-та редовна седница одржана на 21.05.2003 година со одлука број 0202-0620 со примена од истиот ден, и измените и дополнувањата донесени на 15-та редовна седница одржана на ден 25.08.2004 година со Одлука број 0202-1728/5 со примена од истиот ден.